38287

НОВА МАКЕДОНИЈА, 7.V.1991, 15905





Сведоштво за јуначката борба на бранителите на Крушевската Република – фреската „Илинден 1903“

НОВИ ЛИКОВНИ ОСТВАРУВАЊА

# Втор живот на фреската „Илинден 1903“

● **Неодамна во хотелот „Монтана“ во Крушево беше откриена фреската на академскиот сликар Борко Лазески онасловена „Борбата на Мечкин Камен 1903“ или „Илинден 1903“, која во првата изведба „живееше“ во Домот на ЈНА во Скопје сè до земјотресот во 1963 година**

Деновиве во Крушево откриена и промовирана фреската на академскиот сликар Борко Лазески „Борбата на Мечкин Камен 1903“ или „Илинден 1903“. Со тоа градот на Илинден и Првата република на Балканот доби уште едно мошне вредно уметничко дело од овој наш истакнат академски сликар. Всушност Лазески со неколкуте свои дела што им ги остави на Крушево значително го збогати културниот живот на оваа древна населба со богато историско минато. Тој овде направи еден триаголник со кој воспостави просторна врска, почнувајќи најнапред од Споменикот „Илинден“ со неговите витражни композиции раскрилени над галериите како тонски спектри, преку фреската „Македонија 1941“ на површина од шеесетина квадратни метри претставувајќи ја борбата на трите делови на Македонија против окупаторот, до оваа живописна инпозантна фреска „Борбата на Мечкин Камен 1903“ или „Илинден 1903“. Оваа ѕидна слика во акрилна техника со мотив од јуначката борба на бранителите на Крушевската Република е изведена во внатрешноста на хотелот „Монтана“, на дофат на легендарниот Мечкин Камен, од чија борба се импресионирале многу уметници од областа на литературата, музиката, филмот и ликовното творештво.

– Оваа композиција беше создадена 1950 година со изведба во оригинал фреско – техника (фреско буоно) и тоа на пет преносни плочи, ни рече авторот Борко Лазески. Беше изложена на Есенската изложба на Друштвото на македонските ликовни уметници во истата година, а откупена од Домот на ЈНА и монтирана во една од неговите сали. Во земјотресот во Скопје во 1963 година таа пропадна заедно со Домот. По нејзиното уништување се правеа многу обиди таа да се обнови, а ете, случајот сакаше договорот да биде склучен во 1988 година со раководните личности на Туристичката агенција „Палатурист“, а изведувањето да се изврши во 1990/91 година на едно сосема адекватно место во хотелот „Монтана“. Тоа значи дека фреската родена во Крушево, после цели четири децении чекање го заседе своето вистинско место, во соодветен амбиент.

Инаку, оваа повторена изведба е работена по оригиналниот „картон“ и студиите од 1950 година. Употребата е акрилна техника. Основната композициска шема е пирамидална. Доминантна е енергичната фигура на македонскиот востаник. Динамичност е постигната со раздвиженоста на фигурите, испреплетеноста на телата, оружјето и коњите, косите ставови на востаниците, грчот и пламенот на борбата, емоционалната напнатост. Работејќи на неа авторот Борко Лазески во подсвеста ги чувал поуките од Париз – дводимензионален третман во кој третата димензија се сугерира со колористички сензации, со тонски степенувања. Без разлика на деструктивните категории оваа реализација укажува на еден мошне значаен факт – вештината да се совлада голема површина.

А. Димитроски